УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# ANNUAL MISCELLANEOUS COLLECTION

2016/2017

ГОДИНА 7 VOLUME VII

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCE

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**
**YEARBOOK**
**FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCE**

За издавачот/ For publisher
Проф.д-р Соња Петровска

| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blazo Boev, Ph. D. |
| проф. д-р Лилјана Колева-Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph. D. |
| проф. д-р Кирил Барбареев | Prof. Kiril Barbareev, PhD |
| проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, PhD |
| проф. д-р Соња Петровска | Prof. Sonja Petrovska, PhD |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| проф. д-р Снежана Мирасчиева | Prof. Snezana Mirascieva, PhD |
| проф. д-р Снежана Јованова Митковска | Prof. Snezana Jovanova Mitkovska, PhD |
| проф. д-р Емилија Петрова Горгева | Prof.Emilija Petrova Gorgeva, PhD |
| проф. д-р Стеван Алексоски | Prof. Stevan Aleksoski, PhD |
| проф. д-р Блаже Китанов | Prof. Blaze Kitanov, PhD |
| проф. д-р Никола Смилков | Prof. Nikola Smilkov, PhD |
| проф. д-р Виолета Николовска | Prof. Violeta Nikolovska, PhD |
| доц.д-р Трајче Стојанов | Docent Trajce Stojanov, PhD |
| доц. д-р Деспина Сивевска | Docent Despina Sivevska, PhD |
| доц. д-р - Ирена Китанова | Docent Irena Kitanova, PhD |
| доц. д-р Даниела Коцева | Docent Daniela Koceva, PhD |
| **Главен и одговорен уредник /** | **Managing editor** |
| проф. д-р Снежана Ставрева Веселиновска | Prof Snezana Stavreva Veselinovska, Ph.D |
| **Технички уредник** | **Editor in chief** |
| доц. д-р - Верица Јосимовска | Docent Verica Josimovska, Ph.D. |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Даница Гавриловска-Атанасовска (македонски јазик) | Danica Gavrilovska-Atanasovska (Macedonian) |
| Снежана Кирова (англиски јазик) | Snezana Kirova (English) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |

**ISSN 1409-9187**

**Редакција и администрација**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ 10-А
п. фах 201, 2000 Штип
Р. Македонија

**Address of the editorial office**
Goce Delcev University – Stip
Faculty of philology
Krste Misirkov 10-A
PO box 201, 2000 Štip,
R. of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А
# C O N T E N T S

**Даниела КОЦЕВА**
СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВОТО И НЕГОВАТА
СОЦИЈАЛИЗИРАЧКА ФУНКЦИЈА ........ 5

**Снежана МИРАСЧИЕВА**
ИНТЕРАКЦИЈАТА ВО НАСТАВАТА – ОД ОБЕЛЕЖЈЕ ДО МОДЕЛ ........ 19

**Верица ЈОСИМОВСКА**
ЕВЛИЈА ЧЕЛЕБИ ВО ПОСЕТА НА ШТИП ПРЕД НЕКОЛКУ ВЕКОВИ
И НЕГОВИТЕ ВПЕЧАТОЦИ ОСТАВЕНИ ВО РАКОПИС ОД 1662 ГОД. ........ 37

**Оливер ЦАЦКОВ**
РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДЕЛО НА ВАНЧО ПРЌЕ ........ 49

**Биљана ИВАНОВА, Снежана КИРОВА, Драгана КУЗМАНОВСКА**
ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ – ДОБАР ИЗБОР ИЛИ НЕ ........ 55

**Снежана СТАВРЕВА ВЕСЕЛИНОВСКА**
БИОЕТИКАТА И ЕКОЛОШКАТА ЕТИКА КАКО НОВА
ВОДЕЧКА ЕТИЧКА ДИСЦИПЛИНА ........ 61

**Емилија ПЕТРОВАЃОРЃЕВА, Ирена КИТАНОВА**

ПРЕВЕНЦИСКИ ПРИСТАПИ НА АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ........ 79

**УДК 316.614.5**
**прегледен труд**

# СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВОТО И НЕГОВАТА СОЦИЈАЛИЗИРАЧКА ФУНКЦИЈА

Даниела Коцева[1]
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
daniela.koceva@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Столбот на секое општетство е семејството. Тоа е основна клетка за функционирање и опстанок на целокупното општество. Оттука произлегува интересот за неговиот развој, поддржување, унапредување од сите можни аспекти: политички, економски, правен, социолошки итн.

Од социолошки аспект семејството ги извршува следниве социјални функции: биолошка функција (репродукција на младите), биосоцијална или социјализаторска / воспитна функција на семејството (растењето и социјализацијата на децата), економска функција (економско одржување на семејството), социјално-психолошки (задоволување на сексуални и психолошки потреби).

Социјализаторската функција се смета за една од најважните функции на семејството. Семејството во овој контекст се јавува како значаен социјален систем, во кој се врши процес на воспитување на подмладокот во физички, морален и интелектуален поглед. Формирањето на личноста, на нејзините персонални карактеристики, во голема мера зависи од начинот на кој тие се втиснати од страна на семејството. Семејството задоволува безброј човекови потреби кои се неопходни за развој на една здрава личност, како што се потребите за идентитет, потребата за сигурност, развој, образование. Во нашата држава многу малку се води грижа за една од основните улоги на семејството, а тоа е градењето на социјализаторската улога на семејството која се заснова на принципите на промовирање на семејните вредности, нивно вградување во начинот на однесување и размислување на личноста, принципот на изградба на хумана личност, прифаќање на социјалната улога на личноста и целосно етаблирање на социјалното однесување на личноста, уште во најраните фази на нејзиниот развој.

**Клучни зборови**: *семејство, социјализација, развој, вредности.*

# MODERN FAMILY AND ITS SOCIALIZING FUNCTION

**Daniela Koceva**[1]
[1]**Faculty of Educational Sciences, Goce Delcev University - Stip**
daniela.koceva@ugd.edu.mk

**Abstract**

Family is the pillar of every society. It is the basic cell for the functioning and survival of the entire society. Hence the interest in its development, support, and advancement from all possible aspects: political, economic, legal, sociological, etc. From a sociological point of view, the family performs the following social functions: biological function (reproduction), bio-social or socializing/educational function of the family (raising and socialization of children), economic function (economic maintenance of the family), social-psychological (satisfaction of sexual and psychological needs).

The socializing function is considered one of the most important functions of the family. The family in this context appears as an important social system, in which the process of upbringing offspring is carried out in a physical, moral and intellectual way. The formation of a person, of its personal characteristics, depends largely on the way they are imprinted by the family. The family meets countless human needs that are necessary for the development of a healthy personality such as identity needs, the need for security, development, and education. In our country, little care is taken of one of the basic roles of the family, which is building the socializing role of the family based on the principles of promoting family values, incorporating them into the manner of behavior and thinking of a person, the principle of forming a humane person, accepting the social role of a person, and fully establishing the social behavior of a person, at the earliest stages of its development.

**Keywords**: *family, socialization, development, values.*

## Што е семејство?

Семејството сѐ уште се наоѓа во жариштето на интересот на повеќе научни и стручни подрачја – од филозофијата како најстар и најширок научен поим, па до педагогијата, социологијата, психологијата, медицината и социјалното работење како потесни, специјализирани подрачја на занимавање со човекот и неговата примарна заедница. Причина за ова е тоа што и познавањето на семејството како такво, од сите наведени аспекти, но и во поширок поглед, претставува основен услов за успешно занимавање во дадените подрачја, меѓу кои особено се истакнува социологијата.

Семејството е една од најзначајните и најкомплексните општествени групи. Тоа претставува репродуктивна основа на општеството и како такво камен-темелник на истото. Семејството е универзална општествена институција

без која не може да се замисли човечкото општество. Анализирајќи примерок од 250 општества, Мердок утврдил дека во секое општество постои некаков облик на семејство. Семејството во текот на растот и развојот на општеството и цивилизацијата, повеќе или помалку успешно, опстојувало и се справувало со повеќето предизвици како што се: економски, политички, културни и слично. Овие предизвици во изминатиот период се однесувале како еден вид тест, поточно испитување на семејната приспособливост, низ повеќето кризни периоди во историјата на цивилизацијата и човештвото. Постојаните трансформации низ кои поминува општеството денес предизвикуваат и трансформација на семејството, кое постепено се менува себеси и својата улога приспособувајќи се на општествените барања и потреби. Интензивните случувања во полето на индустријата, науката, технологијата, неминовно се одразувале на општеството во целина, предизвикувајќи притоа промени во идеологијата за семејните вредности.

Семејството е општествена група која ја карактеризираат заедничко живеење, економска соработка и размножување. Семејството во себе вклучува возрасни од двата спротивни пола, од кои најмалку двајца одржуваат општествено одобрена полова врска, со едно или повеќе деца, сопствени или усвоени од тие возрасни кои полово кохабитираат.

Структурата на семејството се менува од општество во општество. Но како и тогаш така и денес улогата останала иста и покрај различните облици, така што човекот може да се каже дека е социјално – семејно суштество.

На овој начин, семејството за секој човек претставува примарна, општествена, но и биолошка заедница која е одредена не само за општествените, туку и за биолошките законитости, каде што нејзините членови се одредени со истите тие комплексни био- психосоцијален сет на причинители и фактори. Семејството е заедница во поглед на сите аспекти – физички, психички и социјален. Од чинот на прокреација започнува човековиот телесен развој кој, не многу подоцна, веднаш откако за тоа ќе се исполнат органските-физички услови, следуваат и психолошките, а подоцна и социјалните. Нивниот почеток и првата развојна фаза се случуваат повторно – во семејниот круг и траат сѐ до периодот на адолесценцијата и целосното осамостојување на новите членови на општеството не напуштајќи го семејството.

**Функции на семејството**

Денес не постои сомневање дека семејството поминува низ процес на трансформација, што го доведуваат во прашање досегашното сфаќање за семејството. Некои социолози говорат за деконструкција на поимот семејство, на емпириско ниво се воочува растворање на доминантната нуклеусна форма на семејство. Како последица на тоа се појавија и многу нови форми на семејство – „плуралитет на семејни форми и обрасци“.

Промените во структурата и функцијата на семејството се препознатливи и во другите сфери, како што се: одвојувањето на сексуалноста од репродукцијата, промена на концептот и практиката на родителството, промени во основните функции на семејството, поконкретно, замена на производната со потрошувачката функција, каде што потрошувачкиот животен стил станува доминантен образец за сите семејства. Ослободувањето на сексуалноста подразбира посебно ослободувањето на бракот и партнерските односи од социјалната тиранија што ја инструментализира човековата сексуалност. Имено, пред поединецот во современиот живот се отвораат безброј можности за еротско и сексуално задоволување во секојдневниот живот, што секако доведува до различни облици на девијација и нарушувања (Bauman, 2009). Потрошувачкиот менталитет и комерцијализацијата на човечките вредности, доведува до радикални промени во семејството.

Факт е дека голем дел од функциите што ги извршувало семејството низ историјата се изгубиле, но сепак улогата на семејството е од витално значење за поединецот и општеството. За голем дел од современите истражувачи останува универзалната улога на семејството, која не се променила низ историјата, а тоа е социјализацијата на децата неопходна за потребите на системот.

Функцијата на семејството се менува на скалата на важноста, но нејзиното значење не се намалува никогаш. Подобро речено, таа станува сè поголема и поголема со текот на времето и покрај тенденциите кои некогаш оделе кон прогласување на изумирање на семејните вредности.

Не постои семејство кое не ги исполнува следниве функции:

- Биолошката функција, со неа се задоволуваат половите нагони и емотивните врски, раѓањето и растењето на децата.
- Сродството, роднинските врски, најважен облик на сродство е крвното сродство или природното сродство кое се формира со раѓањето. Историските облици на сродство се различни  и тоа: матрилинеарно, патрилинеарно, билатерално.
- Социјализаторската функција, која се смета за една од најважните функции на семејството со која се задоволуваат човековите потреби за идентитет, сигурност, развој, образование. Семејството како социјален систем врши процес на воспитување на подмладокот во физички, морален и интелектуален поглед. Формирањето на личноста, на нејзините персонални карактеристики во голема мера зависат од начинот на кој тие се втиснати од страна на семејството.
- Економската функција на семејството се изразува во обезбедување на материјална егзистенција на неговите членови, во обезбедување и трошење на средства за живот. Производната функција на семејството во современи услови се намалува, така што семејството сè повеќе станува потрошувачка заедница.

**Социјализаторската функција на семејството**

Семејството претставува многу важен фактор во социјализацијата на децата. Воспоставувањето на позитивна емотивна поврзаност во односот родител-дете, претставува главен фактор за развојот на неопходната социјална компетенција кај децата

во постигнувањето на социјална зрелост. Овој процес е, исто така, познат како социјализација и започнува доста рано, уште во пренаталниот развој кога родителот (мајката) воспоставува први емотивни врски со детето кои траат низ текот на целиот живот.

Социјализацијата е процес преку кој учиме да станеме членови на општеството, преку интернационализација на нормите и вредностите на општеството, но и преку учење како да ги играме нашите улоги на работник, граѓанин, пријател, родител, учител и сл. Таа претставува воведување на младиот поединец во општествените процеси и односи, усвојување на духовни творби, преку свесен целесообразен и организиран напор на општеството и неговите членство.

Примарната социјализација се одвива во рамките на семејството. Детето се раѓа како бел лист хартија и многу малку е подготвено за живот во надворешната средина. Почетокот на секој процес на развојот на социјализацијата, по правило, се одвива во поширок или потесен круг на семејството. Затоа семејството е незаменливо кога станува збор за социјализацијата. Овде детето ги формира првите знаења, развива и формира навики и умеења, ги развива интелектуалните и други знаења (се образува и воспитува), се учи на општествен живот. По раѓањето, детето зависи од неговото најблиско опкружување, односно семејството, каде што тоа може да ги задоволи своите развојни потреби. Семејното опкружување претставува место во кое детето, особено во првите години од животот ги совладува примарните вештини – одење, говор, мислење. Од тој аспект, вклученоста на родителите во растењето на детето и создавање на пријатно семејно опкружување е основен предуслов за успешен социјален развој. Силната емотивна врска создадена во детството е основа за понатамошен успешен развој на детски емоционални, социјални и интелектуални вештини. Голем број истражувања потврдуваат, дека самоуверените деца полесно стапуваат во контакт со врсници и други личности, што воедно им нуди подобра позиција во општеството и во голема мера го олеснува нивниот понатамошен развој. Самоувереноста, довербата, емотивната зрелост и социјалните вештини се карактеристики кои се формираат во текот на најраните интеракции на детето со родителите, кои тоа ќе ги користи во различни животни ситуации како општествена единка.

Успешното родителство се одвива во две димензии: една од нив е родителската блискост и топлина, а другата е родителската контрола. Преку комбинација на топлина и контрола, како најосновни димензии во

одгледувањето, може да се идентификуваат три основни стила на одгледување: авторитетен, авторитарен и пермисивен родителски стил. Стилот на одгледување на родителот има многу важна улога во процесот на стекнување социјални вештини на детето.

Од аспект на карактерот на социјализацијата и вкупните односи кои постојат во семејството може да се разликуваат два основни типови на семејство: патријархално и демократско. Како реакција на патријархалното семејство се јавува и т.н. анархично семејство.

Патријархалното семејство во поглед на социјализацијата ги има следниве карактеристики:

– родителите (посебно таткото) бараат и добиваат целосна покорност од другите членови на семејството (во случајов децата);
– во целиот процес на воспитување преовладуваат наредбите и казнувањето;
– односот меѓу таткото и децата е изразено асиметричен, хиерархиски;
– детето може да биде предмет на експлоатација (таткото го обликува однесувањетпо на детето);
– заради тоа детето може да се побуни, но побуната остро се казнува.

Од ваквите семејни односи, голем број психолози сметаат дека произлегува познатиот Едипов комплекс, а и други комплекси. Тоа може да има влијание и врз училишниот живот на детето, каде што децата одвај чекаат да се покажат и да ги надополнат неможностите за искажување и афирмација на својата личност во рамките на семејството. Тоа го прават во училиштето и можат да добијат карактеристики на подивеност, агресивност и злонамерност.

Како реакција на патријархалниот тип семејни односи се јавува т.н. анархично семејство. Суштински карактеристики на тој тип семејство се:

– тоа семејство е без организација и без правила;
– секој во него, вклучувајќи ги и децата, може да прави што сака;
– може во екстремна форма да се појави феноменот пермисивност, т.е. детето да биде авторитет, мерило, пример и извор на воспитувањето.

Овој тип на семејство доведува до асоцијален развој на детето, со појава на диспозиции за владеење, вообразеност и безобѕирност.

Основни карактеристики на демократското семејство се:

– детето се смета за личност, член (иако незрел член) на семејството;
– тоа не е објект, односно не е нечија сопственост;
– детето не е експлоатирано, не е тепано и малтретирано;
– детето се учи да партиципира (учествува) во сите општествени процеси;
– детето се учи да се совладува, контролира и да ги ограничува себичноста (егоизмот), како и другите негативни особини;
– детето се учи на почитување на другите, рамноправност, демократско одлучување, се учи дека од него нешто се очекува, се учи на одредени обврски, т.е. се учи да биде одговорна личност.

Во ова семејство и мажот и жената рамноправно учествуваат во воспитувањето на децата. Што е основа за развој на демократските односи меѓу половите. Главен елемент на семејните односи во демократското семејство е љубовта. Љубовта меѓу родителите, но и кон децата, што му помага на детето да го надмине егоизмот и себичноста и да ги прифати обврските, нормите, правилата и сл.

Учењето на љубов, алтруизам, сочувство во тага се само дел од целта кон изградба на здрава човечка личност.

Односите меѓу родителите за детето претставуваат силен и незаменлив пример за односите меѓу половите. Семејството е важно и при развитокот на општествените чувства на детето, па и во прифаќањето на одредени авторитети во ликот на родителите, а во патријархалните средини, пред сè, во ликот на таткото. Покрај незаменливата улога која ја имаат родителите за примарната социјализација доста значајни се и останатите членови на семејството, пред сè бабата и дедото, но и постарите браќа и сестри. Истражувањата покажуваат дека топлината и заедништвото кои владеат во семејството се во позитивна корелација со успешната социјализација. Значењето на семејната социјализација е во тоа што децата не ја формираат својата личност само со свесно дејствување на родителите, туку и од секојдневниот семеен живот, од контекстот на средината, прифаќајќи го она што им е неопходно. Големото значење на семејството, посебно е евидентно, кога се набљудуваат физичкиот, психичкиот и општествениот развој на децата кои по некоја случајност растеле надвор од семејството.

Она што најмногу влијае на детскиот ран социјален развој е стилот на родителството. Во овие рамки социјалната компетенција на децата се однесува во рамките на авторитативниот родителски став кон згрижување на децата. Авторитативното згрижување подразбира комбинација од грижа и надзор, храбрење и комуникација која води кон високо ниво на сигурност и социјална компетенција. Авторитативните родители на своите деца им нудат максимална поддршка и почитување со поставените јасни граници. Децата на таквите родители се љубопитни, имаат позитивна слика за себе, самоуверени се и имаат развиени социјални вештини.

Според тоа, социјалната компетенција и самостојните деца доаѓаат од семејства во кои се искусува и блискоста и правилното социјализирање. На семејната социјализација, во рамките на растот на детето, влијаат две димензии на родителството – прифаќање и одбивање. Децата кои доживуваат поддршка, поттикнување, прифаќање и фалење во семејството, градат позитивен социјален однос со родителите. Таков однос се резултира со просоцијално однесување, кое поттикнува позитивно социјално функционирање и го зајакнува социјалниот раст и развој кај детето. Од друга страна пак, родителското одбивање има негативни последици на социјалниот раст и развој. Децата од ваквите

родители покажуваат агресија и непријателство кон останатите, имаат слабо самопочитување, општо покажуваат ниско ниво на просоцијално однесување и слично. Односите меѓу семејството и детето имаат огромна улога во социјалната компетентност на родителите. Оттука слогата и разбирањето на двајцата родители и сличноста во стилот на грижата, позитивно влијаат на социјалниот развој, додека разводот може да го попречува развојот на социјалните вештини кај детето, но може да го поттикне и развојот на позитивните особини како што се одговорноста и самопочитувањето. Според тоа, земајќи предвид дека како втор фактор кој влијае на социјализацијата на детето, како и на правилниот развој на социјализаторската функција на семејството во Македонија, се и нивото на воспитание, едукација, и тоа меѓу родителите, каде што може да се сврти вниманието и кон институционалното функционирање, кое го поттикнува правилното насочување на социјализаторското дејствување на едно семејство.

Примарната социјализација е од значење, затоа што во голема мера од останатите може да биде индивидуализирана, а со тоа и насочена кон природата на детето како личност во развојот и напредувањето. Оттука посебно значење имаат и наградувањето и казнувањето. И едното и другото создаваат нови облици на однесување. Повеќето истражувања покажуваат дека забраните и застрашувањата не доведуваат до потрајни интериоризации (усвојување) на моралните норми, додека наградувањето и пофалбите имаат потраен ефект, поттикнувајќи кон создавање на сопствени вредности. Голем број автори сметаат дека физичкото казнување, по кое следи објаснување, има позитивен ефект за инхибирање на одделните облици на штетно однесување и истото се јавува како неопходност. Тоа е ефикасно ако родителите имаат срдечен однос, но доколку казната е премногу интензивна, доаѓа до анксиозност кај детето.

Пермисивноста е значаен феномен во примарната социјализација. Таа се однесува на големото ширење на границите на дозволеното однесување на децата со благонаклоност (феноменот на т.н. разгалени деца). Оваа појава во социјализацијата е сè поактуелна во современи услови и се поврзува со сè поголемата зафатеност на родителите и нивно отсуство т.е. присуство во домот. Екстремната пермисивност во рамките на семејството се покажа дека не дава позитивни резултати во социјализацијата на детето, затоа што тоа најчесто израснува како себично, асоцијално, со нагласени диспозиции за владеење со другите.

Од особена важност од повеќето социјално-психолошки механизми, идентификацијата во овој период се издвојува како една од најважните за нејзиниот развој. Во нормални услови детето по правило се идентификува делумно со мајката, а делумно со таткото. Но доколку постојат судири меѓу двајцата родители и ако таквата состојба потрае подолго време, тоа се пренесува врз психата на детето и може да има сериозни негативни последици.

Во ваквите случаи разводот се гледа како поповолно решение, отколку детето да се развива во средина на постојани и сериозни кавги и расправии.

Примарната социјализација на децата се одвива во динамиката на семејното опкружување. За усвојување на социјалните вештини е неопходно прилично долго време, но со помош и интеракција од родителите, роднините, врсниците, одгледувачите и учителите, детето развива вешти комуникации со околината. На тој начин, детето ја развива својата социјална компетенција. Одредени истражувачи во ова поле тврдат дека социјално компетентните мали деца се оние кои се впуштаат во задоволувачки интеракции и активности со возрасни личности и врсници и низ таквите интеракции ја унапредуваат личната компетенција. Социјалната компетенција има неколку составни делови: способност за градење на добри односи, потребна е емпатија - сочувство со другите и разбирање за нивните чувства; способност за соработка, своите цели и потреби да ги усогласи со барањата на друштвото, како и способност за управување со настанати проблеми и нивно разрешување.

Во раното детство во детето е потребно да се развие способноста за регулација на емоциите за да може успешно да оствари интеракција со возрасни и врсници. На децата кои потешко ги регулираат емоциите или, пак, претерано ги потиснуваат чувствата, потребна им е помошта од возрасните за да воспостават соодветна интеракција со околината. Децата и понатаму се на патот кон успешна социјализација на неопходните општествени познавања, кои опфаќаат познавање на нормите на главните социјални правила во групата во која припаѓа индивидуата, како на пример, развиена јазична способност (вокабулар).

Обврска на семејството е успешно да го социјализира својот потомок, но што всушност се подразбира под успешна социјализација?

Успешна социјализација претставува способноста за социјално разбирање, односно, предвидување на туѓите реакции и разбирање на туѓите чувства. Социјално компетентните мали деца го усогласуваат своето однесување со туѓите, така што пронаоѓаат заеднички јазик, разменуваат информации и ги испитуваат сличностите и разликите. Социјалните вештини и социјалните диспозиции исто така претставуваат составни делови на социјалната компетенција. Начинот на кој детето стапува во интеракција со врсниците и возрасните, социјално гледано, е вештина која првенствено се развива во рамките на семејството и има важно влијание на нивото на социјална прифатеност во општеството.

Социјалните диспозиции, како што се емпатија, дарежливост, љубезност или соработка се учат од околината (од моделот кој го нудат личностите во опкружувањето на детето), па од тие причини, неопходно е на детето да му се понуди пример и можност за тоа да може да ги усвои и манифестира.

Постојаните трансформации низ кои поминува општеството денес,

предизвикуваат и трансформација на семејството кое постепено се менува себеси и својата улога приспособувајќи се на општествените барања и потреби. Интензивните случувања во полето на индустријата, науката, технологијата, неминовно се одразувале на општеството во целина, предизвикувајќи притоа промени во идеологијата за семејните вредности.

Ситуацијата во денешните современи семејства е многу поразлична од она што некогаш бил концептот семејство. Дали денес можеме да зборуваме за топлина и заедништво во семејството, кога најголем дел од родителите се надвор од домот, надвор од државата во потрага по материјалната егзистенција. Токму од овде произлегуваат и бројните проблеми во поглед на социјализацијата.

Неретко во процесот на социјализација се појавуваат проблеми како што се срамежливост, осаменост, агресија и сл., кои можат да потекнуваат од различни причини. Овие проблеми можат да бидат поврзани со недоволно развиената јазична способност, контролата на емоциите, недостатокот на вештини кои на детето му се потребни за да се вклучи во интеракција итн. Срамежливите, повлечени и осамени деца имаат чувство на отфрленост, поради што им е потребна помошта на родителите и учителите која ќе им помогне да стапат во однос со околината. Агресивноста е еден од најчестите и најголемите проблеми во социјализацијата со која родителите и учителите се сретнуваат и често бараат интервенција за справување со претстоечкиот проблем. Непримерната агресивност теоретски се објаснува преку теоријата на дефицит, според која детето има недостаток на одредена социјална вештина, односно со теорија на суфицит која истакнува дека децата се агресивни бидејќи не можат да се справат со високите нивоа на бес и нетрпеливост. Проблемите со социјализацијата може да бидат согледани и во контекст на околината во која детето живее, давајќи му приоритетно значење на семејството, но притоа да не се миноризира влијанието на околината врз детето.

**Што се случува денес со семејството и неговата примарна функција?**

Брзиот раст и развој на индустријализацијата, како и развојот на потрошувачкото општество го загрозува семејството во неговата економска и општествена самостојност.

Современото семејство денес веројатно спаѓа во институциите кои во последните векови претрпеле најголеми и најдлабоки промени кои довеле до губење на идентитетот на семејството. Станува нејасно не само која е улогата на семејството во животот на поединецот и општеството, туку и поимот семејство. Започнува исто така и да се негира вистината дека семејството е заедница, сојуз меѓу маж и жена. Младите лица, и не само оние збунети и дезориентирани, најверојатно се цел на одредени заедници во современото општество денес, кои имаат сè поголема медиумска поддршка. Денес во Република Македонија, за жал, поголемиот дел од младите, дури 60% од нив,

од медиумите дознаваат и учат за семејството, семејните вредности, како и за женско-машките односи, за партнерството и слично.

Денес постои ново семејство во кое родителите стануваат вработени личности кои секој ден заминуваат на работа, далеку од својот дом. Семејството го губи своето средиште, доживува промени кои длабоко влијаат не само на родителите, туку и на децата. Доколку старото семејство имало малку допир со општеството, новото им подлежи на растечките различни прописи и јавно-правни уредби, каде што сè останато е институционализирано и на тој начин сè повеќе е врзано за општеството. Современото семејство не може да преживее денес без општеството, од општеството ја добива работата, сигурноста, домот и слично. Семејниот дом не е повеќе дом, како природна сигурност за семејството – туку денес сигурноста се бара во јавните институции. Кај традиционалното семејство сите патишта, сите чувства и интереси воделе од општеството, од надвор кон внатре, кон домот, огништето. Денес, за жал, е обратно – сите патишта, работата, интересите и слично, водат од домот и сопственото семејство кон надвор.

Секако ваков начин на функционирање на семејството има реперкусии на сите членови на семејството, особено на децата. Децата се изложени на растечкото влијание на масовната медија, подобро кажано под силно влијание на различни медиуми и информации во текот на денот и тоа на секојдневна база, каде што полека се отуѓуваат од родителите и од својот дом. Родителите, пак, денес повеќе ги доживуваат своите деца не како залог за иднината, туку како извор на радост и надеж, како и закана за сегашноста и сопствената сигурност.

Па дури и краткото време кое родителите го поминуваат со своите деца го поминуваат неефективно без внимание и креативен развој и насочување во нивниот раст и развој.

**Семејството денес**

Имаме емотивно недостапни родители, физички се присутни, но психички отсутни, не реагираат на детските дразби, во поглед на игра, комуникација и учење.

Дигитално зафатени родители кои постојано се на телефон. Оваа појава е особено алармантна со оглед на тоа што наместо вниманието да се насочи кон децата родителите се на социјалните мрежи или разговараат на телефон и скоро и да не посветуваат внимание на своите деца.

Попустливи родители чии деца се владетели на светот, не знаејќи како да ја придобијат нивната љубов и наклонетост децата наместо да се воспитуваат се разгалуваат.

Родителите им даваат до значење на децата дека имаат права, но многу малку се насочени кон развивање на детската одговорност.

Постои бескрајна и неконтролирана стимулација со технолошките „бејбиситерки" – мобилните телефони, таблети, компјутери. Често пати не размислувајќи родителите излезот го гледаат во овие технички средства. Не размислувајќи за негативните последици врз растот и развојот на децата, но за да го купат мирот во домот наместо на прошетка децата се ставаат пред дигитализираните средства или најчесто тие се јавуваат во функција на баба или дедо (чуварска служба).

Оваа стимулација повлекува други последици, како што се небалансиран сон и небалансирана исхрана.

Седење, недвижење, некомуницирање и живот буквално во затворено без никаква физичка активност, но и живот во свој затворен круг.

Секако ваков начин на функционирање на семејството има реперкусии на сите членови на семејството, особено на децата. Децата се изложени на растечкото влијание на масовната медија, подобро кажано под силно влијание на различни медиуми и информации во текот на денот и тоа на секојдневна база, каде што полека се отуѓуваат од родителите и од својот дом.

За жал, ваквиот живот најскапо го плаќаат децата. Дали социјализаторската функција во семејството полека ослабнува и возможно ли е вака да се обезбедат морално, етички и емоционални здрави генерации?

Доколку едно здраво семејство е услов за секој развој, тогаш навистина семејството треба да увиди што всушност го прави здраво и кои се факторите кои предизвикуваат семејството да влијае позитивно и на успешниот раст и развој на општеството. Токму од тука потребата да се согледаат темелните вредности на едно семејство, често водат и до согледување на темелниот идентитет и неговата улога во современото општество денес.

**Заклучок**

Човековиот почеток и првите развојни фази се случуваат во семејството и траат сè додека не заврши периодот на адолесценција и целосното осамостојување на новиот член на општеството, сè додека тој не го напушти своето првично семејство со цел да оформи свое лично. Така семејството на секој човек станува примарна општествена, но и биолошка заедница која е одредена не само за општествените туку и за биолошките законитости каде што нејзините членови се одредени со тоа преку комплексен биопсихосоцијален сет на причинители. Како што примарното семејство е битно или дури и пресудно за раѓање на секој човек и неговото опстојување и преживување како човечко, цивилизирано суштество, така и создавањето на семејно посветен човек од неиздиференцираните заедници, овозможуваат продолжување и раст и развој на општеството и социјалниот раст и развој на човекот, земајќи предвид сè што се случувало во овој однос во минатото, преку нејзиното формирање, кое денес повеќе го опфаќа социјалниот интерес.

Од своето настанување па сè до ден-денес, а така ќе биде и во иднина, семејството постојано се менувало, зависно од повеќето причинители, фактори (надворешни и внатрешни).

Социјализаторската функција на семејството се менувала на скалата на важноста, каде што нејзиното значење не се намалува и покрај поголемите индикации за тоа во денешното модерно време. Дури би можело да се каже дека станувала сè поголема и покрај тенденциите кои некогаш воделе кон изумирање на семејните вредности. Но, кога општеството или одредени поединци ја занемаруваат нејзината важност или дури се обиделе и да ја игнорираат се случувале и широки и интензивни негативни промени на сите нивоа на хиерархија на човечкото организирање – микро, макро и мизо нивоа кои подоцна било тешко или неможно во целост да се превладеат, повеќе потешкотии на сите подрачја на функционирање на учесниците во случувањата – од соматскиот, преку општествениот па сè до психолошкиот.

Токму поради тоа, семејството во центарот на промислувањето и активноста со повеќето научни и стручни подрачја, области, сепак во последно време ја става на прво место социјализаторската, а во врска со неа и воспитната, заштитната и други функции кои оваа заедница ги има во однос на нејзините членови, а пред сè во однос на згрижувањето и подигнувањето на децата.

**Користена литература**

[1.] В. Петровски (2006), *Социологија,* Штип: Педагошки факултет
[2.] И. Ацески (2013), *Социологија,* Скопје: Филозофски факултет
[3.] З. Жоглев (2002), *Социологија на образование*, Битола: Педагошки факултет
[4.] Европска комисија, Извештај за напредокот на Република Македонија за 2006 година, Европска комисија, Брисел, 2006
[5.] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
[6.] Закон за заштита на децата, Сл весник на РМ, 98/2000